Врз основа на член 386 од ЗТД и Решението Р.бр. 66/12 од 16.01.2013 година на Основен суд Велес преку назначеното лице Шимов Петар ул. Партизанска бр.46 од Стар Дојран на ден 18.01.2013 го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## До акционерите на АД МЛАЗ Богданци
## За закажување седница на Собранието на акционери на АД МЛАЗ Богданци

Се објавува дека на ден 07.02.2013 година (четврток) со почеток во 10 часот во салата за состаноци во Управната зграда на АД Млаз Богданци, Ад Млаз Богданци ќе одржи седница на Собранието на акционери со следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел**

1. Избор на Претседавач на Собранието
2. Избор на записничар и двајца оверувачи на записникот
3. Избор на членови на комисија за броење на гласовите
4. Избор на верификациона комисија за утврдување на мандатите на присутните акционери и нивни полномошници
5. Утврдување на бројот на гласови на присутните акционери

**Работен дел**

1. Предлог Одлука за разрешување на членовите на Надзорниот одбор
2. Предлог Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор
3. Информација за економско финансиската состојба на друштвото

Секој акционер или негов полномошник кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Секој акционер може да овласти, со полномоштво свој полномошник на Собранието,со давање на полномоштво во писмена форма,до свикувачот најкасно еден ден пред одржување на седницата на Собранието.

Предлог за кандидат за член на Надзорниот одбор можат да поднесат акционери кои поседуваат најмалку 3% од акциите на АД Млаз ( согласно Статутот ). Кон предлогот да се поднесе и кратка биографија на кандидатот. Предлозите треба да се достават до организаторот на седницата на Собранието.

**Шимов Петар**